ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

ЕМБС 7010508
ДБ 405701552781.8

Потсметка Цивика мобилитас
ЗГ ЉУБЕЗНОСТ
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X

Здружение на граѓани за помош на бездомници,социјално загрозени семејства и поединци ЉУБЕЗНОСТ
Бр. 0204-16/2022
21.02 2022 год.
СКОПЈЕ

# ПРОГРАМСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГРАЃАНИ ЗА ПОМОШ НА БЕЗДОМНИЦИ, СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА И ПОЕДИНЦИ ЉУБЕЗНОСТ – СКОПЈЕ ВО 2021 ГОДИНА

Нашето Здружение на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност од Скопје и во втората година од почетокот на пандемијата од вирусот на КОВИД-19 продолжи да им помага на своите крајни корисници, давајќи им хуманитарна и друг вид материјална помош, како и разновидни услуги. Крајни корисници на Љубезност се бездомници и социјално загрозени лица на територијата на Република Северна Македонија. Во 2021 година, и покрај предизвиците кои се појавија со пандемијата од КОВИД-19 и економската криза која ја проследи пандемијата, ние продолживме со нашата континуирана работа во областа на социјалната заштита, фокусирајќи се на вдомување бездомници и работен ангажман на граѓаните кои живеат во сиромаштија, давање социјални услуги, правна и медицинска помош и плаќање заостанати сметки за електрична енергија и вода на нашите крајни корисници.

Наша визија е општество без сиромаштија каде што постои прифатеност, инклузија и еднакви можности за бездомни и социјални загрозени лица.

Мисијата на нашата организација е континуирано образование, помош и поддршка на бездомните и социјално загрозените лица во процесот на нивна ресоцијализација и реинтеграција.

Стратешки цели на Здружението се:

1. Намалување на сиромаштијата. Оваа стратешка цел ќе ја оствариме со тоа што ќе спроведуваме директни посети во престојувалиштата на бездомниците и во домовите на социјално загрозените семејства и поединци, ќе ги идентификуваме нивните проблеми, ќе информираме и ќе поттикнуваме граѓански активизам за да прибираме донации за овие граѓани.
2. Намалување на невработеноста. Оваа стратешка цел ќе ја оствaруваме преку идентификување на работоспособните бездомници и социјално загрозени лица кои сакаат да се вработат и нивна поддршка за зголемување на конкурентноста на пазарот на труд. Дополнително, нашето здружение во своите програмски активности директно работно ќе ангажира некои од бездомните и социјално загрозените лица. Ќе подготвиме и програма за социјално претприемништво со цел вработување на наши крајни корисници во вршење економска активност во рамките на нашето здружение.
3. Намалување на бездомништвото. Проблемот со бездомништвото ќе го решаваме со програми за вдомување, обезбедувајќи економични станбени простори со ниски закупнини и поволни услови за живеење за бездомни семејства и за бездомници . Ние ќе

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
Лице за контакт:
Тони Станковски
мобилен: +389 78 263 792
e-mail: stankovski.toni@yahoo.com

ЕМБС 7010508
ДБ 405701552781.8

Потсметка Цивика мобилитас
ЗГ ЉУБЕЗНОСТ
300000004379683
Комерцијална банка

Девизна сметка:
02-701-0031821.8

IBAN:
MK07300701003182149
SWIFT:
KOBSMK2X

поврзуваме поединци и претпријатија со овие луѓе за реновирање на нивните домови или изградба на нови.



4. Унапредување на состојбата на бездомните и социјално загрозените лица. За остварување на оваа цел Љубезност ќе работи на упатување, советување и поврзување на бездомните и социјално загрозените лица и ќе им обезбедува психосоцијална поддршка.
5. Организациски развој на Љубезност. Со остварување на оваа цел ќе се овозможи зголемување на бројот на корисници кои ќе ги опслужуваме, зголемување на обемот на услугите и на хуманитарната помош која ќе им ја даваме, но и диверзификација на нашата работа, односно ќе бидеме во можност да вршиме давање на нови сродни услуги кои во моментов не им ги нудиме на нашите корисници. Растот и развојот на нашата организација ќе придонесат кон остварување на нашата визија и мисија и на другите стратешки цели на Љубезност.

Овие цели се остваруваат преку следните активности:

1. Хуманитарна помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци
2. Посета и помош на самохрани мајки и деца
3. Посета и помош на стари, изнемоштени и болни лица
4. Вдомување на бездомници (активни, пасивни и потенцијални)
5. Општествена интеграција преку социјално претприемништво, центри за професионална и социјална реинтеграција и социјални кооперативи

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

6. Водење грижа за квалитетот на работата на своите членови и нивно постојано учество на собири во земјата и надвор од неа
7. Издавање публикации со кои се дава увид во работата на Здружението
8. Координирање на работата на членовите
9. Организирање хуманитарни настани
10. Организирање семинари и работилници за членовите
11. Организирање едукативни предавања и доквалификација за крајните корисници и
12. Соработка и вмрежување со домашни и странски здруженија кои имаат слични определби во своето работење, како и соработка со претпријатија, институции и медиуми.

И во текот на 2021 година Здружението на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност Скопје продолжи да се води од својата визија и својата мисија и сите спроведени активности беа усогласени со нив и беа насочени кон остварување на неговите стратешки цели.

## ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ

Во 2021 година нашето здружение го продолжи својот организациски раст и развој, со кои покрај тоа што се зголеми обемот на активностите кои беа спроведувани во претходната 2020 година, нашето работење се карактеризираше со концентрична диверзификација на активностите, односно се збогати со нови активности поврзани со оние од претходната година, а кои придонесуваат кон визијата и мисијата на нашата организација.

Покрај порастот на програмските активности, во тековната година беа реализирани и значајни организациски активности. Најпрво, во периодот помеѓу февруари и мај 2021 година, во соработка со консултантската куќа Консалтинг Саздовски ДООЕЛ Скопје, за прв пат беше спроведен процес на стратешко планирање во нашата организација. Како резултат на стратешкото планирање беше изработен стратешки план на Љубезност, со кој беа редефинирани визијата, мисијата, стратешките цели и комуникациските цели на нашето здружение. Во рамките на стратешкиот план беа изработени и анализа на окружувањето, стејкхолдер анализа, матрица на услугите кои ги нудиме, анализа на приоритети, финансиски проекции и беа развиени нови стратегии како водилки за работата на здружението во периодот до 2025 година.



На седница на Собранието на Љубезност беа изгласани статутарни промени, беше потврден приемот на нови членови на Здружението и беа потврдени измените во визијата, мисијата и стратешките цели на здружението кои претходно беа направени со стратешкото планирање. Овие промени потоа беа применети со спроведена постапка пред Централниот регистер на Република Северна Македонија која беше успешно завршена во јули 2021 година.

Во оваа година Љубезност за прв пат во своето постоење вработи пет професионалци кои се во редовен работен однос и со полно работно време, се збогати со неколку нови повремено ангажирани вработени и волонтери од кои дел се зајакнати социјално загрозени лица кои покажаа способност и волја да работат за нас, се зголеми и обемот на приходи од донации на здружението добиени од корпоративни донатори, а заедно со нашите партнери успеавме да добиеме и четири нови грантови од институционални донатори и со тоа да реализираме исто толку донаторски проекти. Во 2019 година програмата Цивика мобилитас ни укажа доверба со доделување на институционална поддршка, која е прва од ваков тип која ја има добиено нашето здружение, а во 2021 година ние повторно ја оправдавме

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X

нивната доверба со успешна имплементација на акцискиот план од институционалната поддршка и добивме нејзино продолжување и за трета година, заклучно со јуни 2022. Во оваа година продолжи да се зголемува и интензитетот на нашето вмрежување со други сродни здруженија, соработката со институциите и знаењето на нашите членови и вработени преку постојано обучување и стручно усовршување во разни области.




На 25 септември 2021 година, Љубезност потпиша изјава со која го прифаќа Кодексот за граѓански организации. Овој кодекс е подготвен од страна на програмата Одржливо граѓанско општество – државно финансирање на граѓанските организации, под водство на Македонскиот центар за меѓународна соработка. Основни принципи кои се содржани во кодексот се следните: Одговорно донесување на одлуки и транспарентни организации; Добро управување; Етичко финансирање и одговорно раководење со ресурсите; Силни врски со вработени, членство, поддржувачи и волонтери; Одговорно застапување; Достапни и прифатливи услуги и грижа за корисниците; Силни партнерства и Отворена двонасочна комуникација со сите засегнати страни. До денот кога е напишан овој извештај, кодексот за граѓански организации го имаат потпишано 59 организации.

Кон крајот на 2021 година започнавме со подготовка на етички кодекс во кој се внесени моралните и етички принципи на однесување и со кој се промовираат правилни и посакувани вредности според кои треба да се води Здружението на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци Љубезност, како и сите оние кои се вклучени во неговите активности. Основни принципи (начела) кои до сега се вклучени во етичкиот кодекс се следните: вредности, цели, визија и мисија; почитување и разбирање; интегритет; почитување на индивидуалноста; комуникација и информираност; помош и соработка; еднаков третман; ненасилство; економичност; злоупотреба; доверливост и професионалност; код на облекување и одржување на лична хигиена; политичка непристрасност; грижа за угледот на организацијата; волонтери и други лица кои се привремено ангажирани и солидарност и поддршка. Етичкиот кодекс на Љубезност е се уште во изработка и се очекува да биде финализиран и усвоен од Собранието или Управниот одбор во 2022 година.

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ “ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ”**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X




Согласно статутот, со Љубезност раководат претседателот на здружението Тони Станковски и Управен одбор, во кој покрај претседателот членуваат уште шест члена во состав: Тони Станковски, Михајло Гурев, Македонка Аризанова, Игор Богатиноски, Дехран Хајдар, Маја Велкова и Славица Спасова. Под раководство на претседателот на здружението имаме програмски кадар и оперативен тим кој е во променлив состав кој одговара на моменталните потреби и можности на нашата организација. За надзор на работата на сите овие органи на нашето здружение е задолжен Надзорен одбор од пет членови во состав: Ратко Ристески, Драгољуб Софрониев, Тони Гоцев, Билјана Ампевска Христовска и Јасмина Крстевска.

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X

**КОМУНИКАЦИЈА И ВИДЛИВОСТ**

Нашето здружение уште од своето основање во 2015 година е свесно за значењето на видливоста, па затоа им даваме голема важност и вложуваме напори во комуникациските активности преку кои ги запознаваме граѓаните и разните општествени чинители со работењето на Љубезност и на таков начин градиме јавен имиџ и позитивен публицитет на нашата организација, што во крајна линија носи зголемена поддршка од истите чинители и граѓани за нашето здружение. И во 2021 година ние ангажиравме двајца соработници за комуникација и видливост кои беа задолжени токму за овие активности.




Во комуникацијата со нашата целна публика ги користевме следните канали на комуникација:

1. Социјални медиуми (Фејсбук, Твитер, Инстаграм и ЛинкедИн)
2. Електронски медиуми (телевизија, радио и веб портали)
3. Печатени медиуми (весници и списанија)
4. Веб страна на организацијата
5. Јавни настани (конференции, јавни трибини, панел дискусии и работилници)
6. Директни состаноци лице в лице, телефонски разговори и онлајн состаноци
7. Електронска пошта и други онлајн канали на комуникација.

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

Во тековната година социјалните медиуми најчесто ги користевме за видливост на тековните активности на здружението, но и за пренесување апели за помош на социјално загрозените лица до јавноста и до граѓаните, претпријатијата и институциите кои можат да им помогнат. Од социјалните медиуми најчесто го користиме Фејсбук, кој има и најголема публика во нашата држава, потоа Твитер, а останатите поретко се користат.




Ние и претходно сме имале одлична соработка со електронски и печатени медиуми кои редовно известуваат за нашите активности и за предизвиците со кои се соочуваат бездомниците и социјално загрозените лица. Во 2021 година десет пати бевме гости во контактни и утрински емисии на телевизии и радија (Канал 5, Сител, Македонска телевизија, Македонско радио и Радио слободна Европа), а овие медиуми пишува и репортажи за нашето работење. Теми на овие гостувања и репортажи беа: Влијанието на пандемијата врз сиромаштијата, плаќање сметки за електрична енергија и вода за сиромашните, бездомништвото во Северна Македонија, Ден на љубезноста, проектот „Грижи се", соработка на Љубезност со Оптика Ицо, донирање на вишок храна и облека, и општо за работата на Љубезност. Очекуваме оваа успешна соработка да продолжи и во иднина, да се одржува и да се продлабочува за да се подобри јавниот имиџ на нашата организација и да се зголеми видливоста на нашите активности.

Љубезност има веб домен www.ljubeznost.mk. Нашата веб страна подолго време е во подготовка, и во моментов на наведената адреса имаме само landing page. Ние сме свесни за важноста на организациската веб страна како канал на комуникација и планираме таа наскоро да ја направиме целосно функционална и со современ веб дизајн. На неа ќе биде објавен сет од информации за нашата

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ “ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ”
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X

организација, за нашите проекти и вонпроектни активности, за нашите крајни корисници, вработени, соработници, донатори и партнерски организации.

Во изминатата година, претставници на Љубезност редовно учествуваа на јавни настани кои се релевантни за областа на нашето работење, а во рамките на проектите кои ги спроведуваме организиравме неколку сопствени настани каде што освен што ги промовиравме нашето здружение, нашите проекти и нашите активности, воспоставивме контакти со потенцијални партнери, го зголемивме знаењето на нашата организација и се договаравме за идни активности и проекти со други организации.

Преостанатите комуникациски канали ги користевме за деловна комуникација и кореспонденција со соработниците, донаторите, крајните корисници и институции на централната и локалната власт.



**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X

Во 2021 година формулиравме нови комуникациски цели, и тие се следните:

1. Да се гради позитивен јавен имиџ на нашата организација
2. Да се зголеми видливоста на нашата организација, односно да се запознае јавноста со нашите активности на терен
3. Да се запознае јавноста со проблемите и предизвиците со кои се соочуваат нашите крајни корисници
4. Да се поттикнат разните чинители (централна и локална власт, претпријатија, медиуми, меѓународни организации, граѓани, здруженија на граѓани) да преземат акција за да им помогнат на нашите крајни корисници и
5. Да се намалат предрасудите и стигмата кои постојат кон бездомниците и сиромашните.




CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
Лице за контакт:
Тони Станковски
мобилен: +389 78 263 792
e-mail: stankovski.toni@yahoo.com

ЕМБС 7010508
ДБ 405701552781.8

Потсметка Цивика мобилитас
ЗГ ЉУБЕЗНОСТ
300000004379683
Комерцијална банка

Девизна сметка:
02-701-0031821.8

IBAN:
MK07300701003182149
SWIFT:
KOBSMK2X

## САМОСТОЈНИ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

1. **Топли оброци за бездомниците.** Со седмичните топли оброци за бездомниците започна приказната на Љубезност во 2013 година; ова е активноста која прва почнавме да ја спроведуваме уште кога постоевме како неформална група на граѓани. И во 2021 година, веќе осма година по ред, секоја сабота со почеток од 12 часот делевме топли оброци и конзервирана храна на бездомниците во Скопје. Храната се дели прво пред Спомен домот на Мајка Тереза во центарот на Скопје, а потоа и на уште неколку други локации каде престојуваат бездомници - кај паркингот на Кочо Рацин, кај Дрво декор, социјалните згради во Бутел 2 и на две локации во населбата Бутел 1. Неколку дена пред делењето на оброците, собираме состојки за нив и конзервирана храна од граѓани и од претпријатија, а дел купуваме и сами од претходно добиени парични донации. Потоа, во петок во соработка со Ретвитни оброк се готви храна, Љубезност купува леб и се комплетираат готови оброци кои се делат наредниот ден. Дополнителни оброци добиваме од поединечни граѓани, од претпријатија и од вишок храна од организирани настани



CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

кои се одржуваат во ресторани и хотели. Во сабота готовите оброци со возило се транспортираат до гореневедените локации каде им се делат на бездомниците.
Во активностите околу седмичните топли оброци за бездомници се вклучени разни категории на граѓани од различна социјална (бездомници, работници, пензионери, ученици, бизнисмени, граѓански активисти) и етничка припадност, дел од нив преку донирање храна, а друг дел со волонтирање при собирањето, превозот и распределбата на оброците на крајните корисници. Како донатори на храна за седмичните топли оброци за бездомниците се јавуваат и претпријатија (Жито Лукс, Витаминка, Тинекс, Кадино, Food Hood, KFC и други), образовни институции и граѓански организации.
Меѓутоа, поради пандемијата од КОВИД-19 оваа активност беше прилагодена на новонастанатите околности. Поради мерките за спречување на ширење на вирусот КОВИД-19 и забраната за собири, начинот на делење на донациите на крајните корисници беше таков што не дозволуваше близок контакт помеѓу нив, а оброците се делеа поединечно на корисниците и се делеа од само двајца или тројца претставници на Љубезност.
Покрај организираното делење на оброци во саботите, повремено и во помал обем делиме оброци на бездомниците и во другите денови од неделата.
Во текот на 2021 година на бездомниците им поделивме вкупно 16 836 топли оброци. Од нив, во 52 саботи на бездомниците им беа поделени 15 214 оброци или во просек по 292,58 оброци седмично. Преостанатите 1 622 оброци беа поделени во други денови од седмицата.



Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

2. **Посети на социјално загрозени семејства во нивните домови.** Во текот на 2021 година, најмалку два пати неделно - секој вторник и четврток, а понекогаш и почесто, ги посетувавме домовите на нашите крајни корисници - социјално загрозените семејства и поединци. За таа цел имаме развиено база на податоци на наши крајни корисници кои ги рангираме според приоритет. Оваа база постојано ја ажурираме и ја дополнуваме со нови потенцијални крајни корисници и од неа ги одбираме семејствата кои ќе ги посетиме и претходно ги најавуваме посетите. Дополнително, преку социјални медиуми и директни контакти се запознаваме со потребите и со адресите или локациите на нови крајни корисници на кои им е потребна нашата помош. При посетите најпрво ги детектираме потребите на секое индивидуално семејство посебно и потоа од нашиот магацин земаме пакет со донации кои се најсоодветни за задоволување на овие потреби. При посетите на семејствата им се донираат материјални донации во храна, средства за хигиена, лекови, облека, обувки, постелнина, мебел и апарати за домаќинство. Во зависност од претходно евидентираните потреби на семејствата и поединците, имаме мобилен тим кој врши посети со претходно правење на маршрута на посети со цел оптимизација на рутите и намалување на трошоците за превоз.



ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
Лице за контакт:
Тони Станковски
мобилен: +389 78 263 792
e-mail: stankovski.toni@yahoo.com

ЕМБС 7010508
ДБ 4057015552781.8

Потсметка Цивика мобилитас
ЗГ ЉУБЕЗНОСТ
300000004379683
Комерцијална банка

Девизна сметка:
02-701-0031821.8

IBAN:
MK07300701003182149
SWIFT:
KOBSMK2X

Во нашите тимови за посети ангажиравме професионални социјални работници кои развиваат социјални анамнези на корисниците кои ги посетуваат, имаат системски и континуиран пристап кон проблемите кои ги имаат корисниците, им даваат психосоцијална поддршка и ги застапуваат пред државните институции во остварувањето на нивните права од обласата на социјалната заштита и пошироко. Покрај социјалните работници, од оваа година во посетите на семејствата учествуваат и правник и медицинска сестра ангажирани од Љубезност.
Во текот на 2021 година на социјално загрозените семејства им се направени и ажурирани социјални карти 625 пати. На семејства и поединци кои живеат во сиромаштија им се дадени донации 1228 пати. Напоменуваме дека на некои семејства им се дадени донации повеќе пати во годината.
Донирани се:

- 7 279 килограми разновидна храна,
- 746 килограми средства за хигиена,
- лекови во вредност од 66 333 денари,
- 1 283 килограми облека,
- 116 пара обувки,
- 114 килограми постелнина,
- 45 парчиња мебел,
- 15 апарати за домаќинство и
- 4 компјутери.



Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

3. **Собирање донации во мебел, облека, постелнина, храна и средства за хигиена од домовите на граѓаните.** За да обезбедиме материјални донации за претходната активност, Љубезност во континуитет собира материјални донации од семејствата кои сакаат да донираат. Овие граѓани нè контактираат по телефон или преку Фејсбук страната на нашето здружение нудејќи да донираат мебел кој не им е потребен, вишок храна која ја имаат и други добра. Најчесто мобилниот тим на Љубезност ги зема овие донации од домовите на овие семејства, но понекогаш и самите донатори ги оставаат донациите во нашите канцеларии. Донациите потоа им се донираат на социјално загрозените семејства при нашите посети на нивните домови. Како логистика и за поврзување на подигањето и делењето донации имаме магацин каде се примаат, складираат, класифицираат и препакуваат материјалните донации за потоа да им се поделат на оние на кои им се потребни.

   Поради пандемијата предизвикана од КОВИД-19 и потребата да го спречиме нејзиното ширење и да го заштитиме здравјето на нашиот тим и на нашите корисници, во 2021 година, слично како и во претходната 2020 го намаливме интензитетот на собирање материјални донации од домовите на граѓаните. Затоа и добиените донации се во помал обем споредено со претходните години.

   Од 98 семејства кои ги посетивме во 2021 ги добивме следните количини на донации:

   - 512 килограми храна,
   - 115 килограми средства за хигиена,
   - 504 килограми облека,
   - 77 пара обувки,
   - 285 пелени за возрасни,
   - 259 килограми постелнина,
   - 4 душеци,
   - 27 парчиња мебел,
   - 11 апарати за домаќинство,
   - 64,4 килограми играчки,
   - 98 килограми кујнски садови и прибор
   - 33,4 килограми суплементи на исхрана и
   - лекови во вредност од 14 340 денари.




4. **Добиени донации од правни лица.** Надвор од трајните партнерства и соработката кои ги имаме (а кои се наведени подолу во овој документ), ние постојано добиваме ад хок материјални и парични донации од разни претпријатија, државни институции, граѓански организации и неформални иницијативи. Во 2021 година од 128 правни лица имаме добиено вкупно:
   - 845 килограми брашно
   - 110 килограми леб
   - 1062 литри сокови
   - 6534 килограми разновидна друга храна
   - 600 заштитни маски
   - 381 килограм облека
   - 82 пара обувки
   - 159 килограми играчки
   - лекови во вредност од 1214 денари

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X

- 68 книги и
- 7 компјутери (лаптопи и персонални компјутери).

5. **Поддршка и посредување при вработување.** На оние социјално загрозени лица кои се работоспособни и невработени Љубезност им дава поддршка за вработување во вид на поврзување со потенцијални работодавци, изработка на работни биографии и мотивациски писма и совети како да се најде работа и како истата да се задржи. Во текот на 2021 година им дадовме поддршка при вработување на 35 крајни корисници на кои им се извршени исто толку посредувања за вработување. Со наша поддршка се вработени 6 наши крајни корисници.
6. **Програма за волонтери.** Во 2021 година забележавме мало намалување на бројот на волонтерите споредено со претходните години. Исто како и во 2020 година, ова намалување се должи пред се на пандемијата од КОВИД-19 и на економската криза која ја придружува пандемијата. Покрај тоа, и оваа година продолживме со вклучување на сите категории на граѓани кои се заинтересирани да соработуваат со нас и на било каков начин да се вклучат во активностите на нашето здружение и да придонесат кон нашите цели.

   Нашата програма за волонтери, иако неформална, е сеопфатна и вклучува ангажирање на волонтери кои ги собираат донациите дадени од членови, граѓани и компании и нивно дистрибуирање до домовите на социјално загрозените семејства. Други волонтери се ангажирани во магацинот на нашето здружение а трети во готвење и дистрибуција на седмичните топли оброци. Некои волонтери се ангажираат само повремено за еднократни активности или активности кои што се повторуваат, додека други се наши волонтери со години наназад и редовно се вклучуваат во секојдневното работење на Љубезност. Дури и персоналот на нашето здружение кој е во редовен работен однос повремено е вклучен во волонтерски активности. Накратко, волонтерите се клучен елемент и клучен ресурс во работењето на Љубезност, вклучени се во сите активности и области на работењето на здружението и без волонтери ние не би можеле да функционираме на начинот на кој што сега функционираме.



CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

Во работењето на Љубезност во 2021 година беа вклучени 30 волонтери, од кои 14 беа ангажирани со договори за волонтирање и добија соодветни надоместоци на трошоци за нивниот ангажман.




7. **Вдомување.** Проблемот со бездомништвото трајно може да се реши единствено со програми за вдомување, бидејќи оваа категорија на граѓани во никој случај не е во состојба самата да го реши. Дури откако станбеното прашање ќе им биде решено, тие ќе можат да продолжат со процесот на ресоцијализација во општеството и да размислуваат за вработување. Ние вдомувавме бездомници во текот на целата 2021 година, за што платиВме 70 месечни закупнини во вкупен износ од 304 548 денари за сместување на 11 бездомни семејства и поединци со вкупно 13 лица. Најдовме економичен станбен простор со ниски закупнини и поволни услови за живеење за неколку бездомни семејства и за бездомници – самци, за нив беа склучени договори за закуп со гаранција дека ЗГ Љубезност ќе ја плаќа закупнината и тие се вселија во станбените простории. Потоа нашите социјални работници редовно ги посетуваа вдомените бездомници и вршеа мониторинг на нивното домување со цел тие да стекнат соодветни хигиенски, станбени и домаќински навики и да го променат начинот на живот на подобро.

8. **Магацинско работење.** Добиените и набавените материјални донации се транспортираат до складот на нашето здружение каде овие стоки се распакуваат, селектираат и распоредуваат на соодветните места по видови донации за нивна полесна манипулација. Дополнителна складишна работа е потребна при распределбата и делењето на донациите на социјално загрозените семејства кога донациите се подигаат, се сложуваат и се пакуваат во пакети по што се подготвени за достава до корисниците на кои им се наменети. За вршење на магацинското работење имаме магационер кој е повремено ангажиран и на кој му помагаат неколку помошници магационери – волонтери. Во 2021 година, во магацинот на Љубезност се влезени 11 388 килограми материјални донации од правни лица и 3 875 килограми материјални донации од граѓани, при што магационерите имаат поминато вкупно 864 часа во магацинско работење.



**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X

**ПАРТНЕРСКИ АКТИВНОСТИ**

**Со здруженија на граѓани и неформални иницијативи**

1. **Ways2Help.** Во соработка со иницијативата Ways2Help во 2020 отпочнавме активност за плаќање на заостанати сметки за електрична енергија со приоритет на оние социјално загрозени семејства на кои им е прекината доставата на електрична енергија. Во 2021 продолживме со плаќање заостанати сметки за електрична енергија, а почнавме со плаќање и на заостанати сметки за вода.




Детектираните семејства кои за кои дознаваме преку различни канали на комуникација ги посетуваме, ја проверуваме и потврдуваме нивната веродостојност и за оние за кои што е потврдено дека имаат проблем со редовно плаќање на овие сметки ги поставуваме на заедничка онлајн платформа, а Ways2Help ги објавува и бара потенцијални индивидуални и корпоративни донатори кои преку линк вршат електронско плаќање на посочените сметки. Во текот на 2021 година на овој начин се платени 1150 заостанати сметки за електрична енергија во вкупен износ од 2 272 606 денари на 119 семејства кои живеат во сиромаштија. Истовремено се платени и 94 заостанати сметки за вода во вкупен износ од 49 736 денари на 16 семејства. Ways2Help во текот на годината посредуваше при донирање училишни ранци и училишен прибор за деца од социјално загрозени семејства.

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!
Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас




2. **Соработка со Ајде Македонија – Сите сити** за донирање на вишок на храна од правни субјекти. Преку оваа организација нашето здружение во текот на 2021 година доби донации од 374,2 килограми храна. Ајде Македонија престана да постои кон крајот на годината со што заврши нашата повеќегодишна соработка.

**Со претпријатија**

3. **Донирање новогодишни пакетчиња на деца од бездомни и социјално загрозени семејства.** Во јануари 2021 година беа поделени 799 пакетчиња на деца од социјално загрозени семејства кои беа собрани во претходната година. Кон крајот на 2021 година повторно започнавме со нов циклус на собирање и делење новогодишни пакетчиња, за што беа отворени телефонски линии за донирање пари за пакетчиња за децата од сиромашни семејства. Оваа активност ја реализиравме во соработка со Твитер заедницата dedomraz.mk, Грабит и Витаминка, иницијативата на Елена Гагиќ и Симона, иницијативата Ways2help, други претпријатија, институции и индивидуални донатори. Притоа беа собрани 1038 пакетчиња, од кои 966 беа

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X

поделени на крајот од декември 2021. Дел од собраните пакетчиња ги поделија волонтерите на Љубезност, а преостанатите брзата пошта „Еко логистик" бесплатно ги достави до домовите на децата од сиромашни семејства.




4. **Соработка со Пауер Вју.** Оваа компанија во текот на годината ни донираше 175 000 денари кои беа наменети за вдомување бездомници, за вадење изводи од матично, лични карти и други документи за нашите крајни корисници, за набавка и донирање на пакети со храна, хигиенски средства и лекови и за покривање на трошоци за превоз и достава на донациите.
5. **Соработка со компанијата ЦМИкс** во текот на целата година. Ова претпријатие ни даваше редовни месечни парични донации во висина од 12 000 денари или вкупно 144 000 денари во текот на целата 2021 година. Овие донации служат за покривање на тековните трошоци поврзани со седмичните топли оброци за бездомниците. Покриени се трошоците за набавка на храна, на алуминиумски тањирчиња и друг прибор за јадење како и за транспорт и достава на оброците.

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X



6. **Соработка со Витаминка.** Во текот на 2021 година ова претпријатие ни донираше храна во вредност од 61 478 денари. Оваа храна беше дадена при посетите на семејства кои живеат во сиромаштија и беше искористена при подготовка на седмичните топли оброци за бездомниците.
7. **„Рециклирај и донирај"** – Во соработка со компанијата Суниленс ги анимираме граѓаните да собираат отпадно масло за јадење од домаќинствата, а во замена добиваме и донираме свежо сончогледово масло на сиромашните.

   Во текот на 2021 година се собрани 6747,5 литри отпадно масло за јадење за кои се добиени 1124,5 литри свежо сончогледово масло за јадење, од кои 698 литри се донирани на сиромашните, а преку 2 000 граѓани се вклучиле во процесот на собирање отпадно масло за јадење.

8. **Соработка со Сунилен.** Покрај маслото кое го добивме преку „Рециклирај и донирај", Сунилен ни доставуваше редовни донации од по 32 литри масло за јадење во секој месец од годината или вкупно 384 литри за цела 2021 година.
9. **Соработка со Фуриоус авокадо.** Во оваа година отпочнавме соработка со софтверската компанија „Фуриоус авокадо" од која добивме парична донација во износ од 300 000 денари. Дел од овие средства беа искористени за набавка на храна, алуминиумски тањирчиња и за гориво за превоз на донации, а преостанатите ќе бидат искористени за истата намена во 2022 година.



10. **Во 2021 година имаме добиено донации и од следните претпријатија:** Тинекс МТ, Комерцијална банка, Интертек ИО, Ин виво, Јупитер дизајн, Nickels now, Оптика ИЦО, Прилепска пивара, Ла Дама Љубица, Виталиа, Big business solutions, Slice life, IG labs, Халк банка, Џонсон Мети, Phoenix pharmaceuticals, Open GI, Valtech, Platamonas, Кадино индустрија, Атлантик комерц, Геотек, Envision, Codeart Network, Аксалти мастерс, Дата мастерс, Вилтекс, Мусала софт, Макстил, Валтекс кодфлер и други.

**Со институции на централна и локална власт**

11. **Реализација на заложбата на „Љубезност"** за изработка на Регистар на бездомници и социјално загрозени лица, во чие создавање главно место има нашето здружение, а под покровителство на Министерството за труд и социјална политика. Отпочнато е со активно внесување на податоци, вклучувајќи и други чинители како здруженија на граѓани, центри за социјална работа, општини и Државниот завод за статистика.
    Базата на Љубезност за 2021 година е комплетирана со внесени 529 семејства со 1829 лица. Во текот на оваа година ние ги запознавме и нашите партнери Македонски Каритас и АДРР Сонце со алатката за Регистарот на бездомници и социјално загрозени лица.



12. **Проект за изградба на повеќенаменски центар во Скопје.** Во 2018 беше изработен и поднесен предлог проект за изградба на повеќенаменски центар за социјална и професионална реинтеграција до Амбасадата на САД во Скопје. Со проектот се предвидуваше изградба на објект на две нивоа од по 500 квадаратни метри во вредност од 400 000 евра. Центарот ќе биде во сопственост на Град Скопје а со него ќе управува Љубезност. Кон крајот на 2019 година проектот е одобрен од страна на Сенатот на САД. Веќе подолго време се договараме со општините на територијата на Град Скопје за да ни биде дадена на користење локација за изградба на овој центар, и иако изградбата подолго време се пролонгира и тоа не по наша вина, ние не се откажуваме од овој центар за социјална и професионална реинтеграција поради долгорочните користи кои бездомниците, лицата кои живеат во сиромаштија и припадниците на други социјално исклучени групи ќе ги имаат од овој центар.
13. **Волонтираме за солидарно општество.** Во текот на 2021 година канцеларијата на Претседателот на Република Северна Македонија продолжи со оваа иницијатива за доделување хуманитарна помош која започна во 2020 година како одговор на пандемијата од КОВИД-19 и на економската криза која ја следи пандемијата. Една од партнерските организации кои беа избрани да учествуваат во оваа иницијатива беше токму Љубезност. Преку „Волонтираме за солидарно општество" во 2021 добивме 400 килограми храна и 50 новогодишни пакетчиња.

**Со образовни институции**

14. **Соработка со Гимназијата Нова.** На 08.11.2021 одржавме состанок за договарање идна соработка со ова средно училиште од Скопје. Од нив во текот на годината добивме 41,5 килограми храна која потоа ја поделивме на нашите крајни корисници.
15. **Соработка со Американ колеџ.** На 13.04.2021 имавме средба за запознавање со студентите и професорите од Американ колеџ.
16. **Соработка со градинката Срничка.** Од оваа градинка имаме добиено донации од 198,3 килограми храна, 161,75 килограми облека и 30 пара обувки.

**ДОНАТОРСКИ ПРОЕКТИ**

1. **Институционална поддршка од програмата Цивика мобилитас.** Почнувајќи од јули 2019 година Љубезност е институционален грантист на оваа програма, а институционалната поддршка за нашата организација е продолжена во два наврати, најпрво за периодот јули 2020 – јуни 2021, а потоа и за јули 2021 – јуни 2022 година, кога дефинитивно ќе заврши. Според ревидираниот акциски план на институционалната поддршка од програмата Цивика мобилитас, во текот на 2021 година беше обезбедена поддршка за следните активности на Љубезност:

1. Овозможувачко опкружување (околина) за граѓанското општество
   1.1. Придонес во градење граѓанско општество. Преку сопствени иницијативи за соработка со Владата и со министерствата релевантни за нашето здружение и преку активно учество во иницијативи на други чинители придонесуваме кон институционален развој и креирање овозможувачко опкружување за граѓанското општество во нашата држава.
2. Граѓански ангажман



   2.1. Топол оброк за бездомниците на седмично ниво. Секоја сабота се делат од 170 – 230 топли оброци на бездомниците во Скопје на неколку локации во градот. Во акцијата активно учество земаат компании, организации, студенти, ученици како волонтери во подготовка на храната или при нејзина поделба.
   2.2. Посети, помош и поддршка на социјално загрозените семејства во нивните домови. во текот на работната седмица за време на цела година посета на социјално загрозени

семејства и донирање на пакети со храна, облека и покуќнина. Во континуитет посетуваме повеќе од 250 семејства секоја година.

2.3. Еколошка и хуманитарна активност „Рециклирај и донирај". Во соработка со компанијата Суниленс собираме отпадно масло за јадење од домаќинствата, а во замена донираме свежо сончогледово масло на сиромашните. Добиваме и дополнителни количини свежи сончогледово масло за јадење од Суниленс.

2.4. Новогодишна и божиќна трпеза за бездомниците. Секоја година го собираме виокот храна од домаќинствата после новогодишната ноќ и после божиќните празнувања и таа храна ја делиме на бездомниците.

2.5. Грижа за бездомниците во зимскиот период. Бездомните лица се најзагрозени во текот на зимата поради изложеност на студ, снег и дожд. Секоја година во октомври организираме собирни пунктови за прибирање материјални донации кои потоа ги донираме на бездомните лица во градот.

2.6. Новогодишни пакетчиња за деца од социјално загрозени семејства. Развиен е нов модел за собирање средства. На крајот од секоја година, во соработка со претпријатието Грабит, Комерцијална банка, заедницата Твитер Дедо Мраз и Витаминка, организираме акција за електронски парични донации од граѓаните, со кои купуваме новогодишни пакетчиња по повластени цени. Дополнителни новогодишни пакетчиња добиваме како донации од претпријатија и државни институции. По новогодишните празници, пакетчињата ги делиме на деца од семејства кои живеат во сиромаштија.

2.7. Магацинско работење. Добиените и набавените материјални донации се транспортираат до складот на нашето здружение каде овие стоки се распакуваат, селектираат и распоредуваат на соодветните места по видови донации за нивна полесна манипулација. Дополнителна складишна работа е потребна при распределбата и давањето на донациите на социјално загрозените семејства кога донациите се подигаат, се сложуваат и се пакуваат во пакети по што се подготвени за достава до корисниците на кои им се наменети.

2.8. Плаќање сметки за електрична енергија и за вода на семејства кои живеат во сиромаштија. Во соработка со иницијативата Ways2help, нашето здружение е вклучено во електронска платформа преку која граѓаните кои имаат можност, плаќаат заостанати сметки за електрична енергија и за вода на социјално загрозени семејства.

3. Соработка

3.1. Учество во платформи и мрежи и учество на настани од програмата Цивика мобилитас

3.2. Соработка со други здруженија на граѓани од земјата и од странство

3.3. Соработка со претпријатија

3.4. Соработка со основни и средни училишта и факултети

4. Граѓанско учество

4.1. Соработка со државни институции на централно и локално ниво и учество во нивната работа

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X

4.3. Учество во донесувањето и мониторинг на спроведувањето на Законот за социјална заштита

5. Зајакнување на нашите конституенти, институционален развој и организациско јакнење

5.1. Вдомување, ресоцијализација и реинтеграција на нашите конституенти.



Вкупните реализирани трошоци на Здружението на граѓани за помош на социјално загрозени семејства и поединци Љубезност, кои беа покриени од институционалната поддршка на програмата Цивика мобилитас во 2021 година изнесуваа 1 816 928 денари.

2. **„Мобилизација на граѓаните и на локалните заедници во Скопскиот регион за поддршка и помош на бездомниците и социјално загрозените во 2021".** Овој проект го реализиравме во периодот од 01.03 до 31.10.2021 година со финансиска поддршка од Градот Скопје. Вкупниот реализиран буџет на проектот изнесуваше 350 000 денари.

Цел на проектот беше да се поттикне граѓанскиот активизам, да се вклучат локалната самоуправа, медиумите и претпријатијата во активностите за хуманитарна помош, и поддршка во вдомување на бездомниците и вработување на социјално загрозените граѓани во текот на 2021 година.

Во рамките на проектот беа спроведени следните активности:

1. Топол оброк за бездомници на седмично ниво
2. Секојдневна грижа за бездомниците
3. Посети, помош и поддршка на социјално загрозени семејства во нивните домови
4. Посредување при вработување и
5. Вдомување и управување со лични финансии.

Постигнати резултати:

1. **Топол оброк за бездомниците на седмично ниво.** Делевме топли оброци пред Домот на Мајка Тереза во девет саботи во текот на периодот за известување. За времетраењето на проектот во текот на 35 саботи на бездомниците и на сиромашните граѓани им поделивме 9471 оброк, 4511 леб и 784 килограми друга храна (салати, овошје, сендвичи, слатки). Вкупната количина на вака поделената храна изнесува околу 7300 килограми.
   За потребите на седмичните оброци беа добиени следните состојки за подготвување топли оброци и конзервирана храна:
   - од Ретвитни оброк 3722 топли оброци и 7 килограми овошје
   - од поединечни граѓани 1149 оброци, 11 леба и 11 килограми слатки
   - од сопствени средства на ЗГ Љубезност се направени 1382 оброци и се набавени 3464 леба
   - од Јупитер дизајн (Лефтерис Сарделис и Јулијана Ристова) се добиени 775 топли оброци
   - од Христијанската адвентистичка црква 137 топли оброци
   - од конзервирана храна добиена од граѓани или купена со парични средства донирани од претпријатија се направени 710 оброци
   - од Мој воздух 320 леба
   - од Обелиск 178 оброци
   - од ЦМИкс 130 леба
   - од канцеларијата на Претседателот на Републиката 310 оброци, 300 леба, 40 килограми овошје и 100 слатки
   - од Фурна Диме 150 леба
   - од Хотел Мериот 150 оброци и 30 килограми овошје
   - од Витаминка 347 слатки
   - од Food Hood 150 оброци
   - од Сунилeнс 30 оброци
   - од Кралските извидници 93 оброци
   - од Американ Колеџ 72 оброци
   - од ресторанот Везилка 100 оброци
   - од градинката Светот на Колорес 20 оброци
   - од KFC 50 оброци

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

Потсметка Цивика мобилитас
ЗГ ЉУБЕЗНОСТ
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X

- од Горан и Тања 230 оброци
- од Светулка 100 оброци и 100 леба и
- помали количини храна се добиени од повеќе други организации.

Просечно е собрана храна за седмичните топли оброци од 1,31 претпријатие неделно.

2. **Секојдневна грижа за бездомниците.** На бездомните лица им се обезбедени следните видови на социјални услуги поврзани со решавање на нивното домување:

- поддршка при сместување во прифатни центри за сместување на бездомни лица
- помош при собирање на потребната документација за поднесување барање за покренување постапка за добивање социјален стан од државата и
- сместување во изнајмени станбени објекти преку нашата организација (види точка 5)

Дополнително, на бездомниците им се дадени следните видови услуги:

- на 31 бездомник му се дадени психосоцијална поддршка и правна помош
- на 14 бездомници им е дадена медицинска помош
- на девет бездомници нашето здружение им заврши постапка за обезбедување здравствено осигурување
- на десет бездомници им се извадени изводи од матична книга на родените при што административната такса е платена од страна на Љубезност и
- на три бездомници им се извадени лични карти со административна такса платена од наша страна



Во периодот за известување на бездомниците им е дадена следната хуманитарна помош:

- 800 оброци
- 80 килограми друга храна
- 651 килограм облека

Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X

- 15 пара обувки
- 30 училишни ранци и
- 30 училишни прибори




3. **Посети, помош и поддршка на социјално загрозени семејства во нивните домови.** Реализирани се 611 посети на социјално загрозени семејства и поединци. За време на посетите се донирани:
   - 477 килограми брашно
   - 210 килограми мусли
   - 2967,83 килограми друга храна
   - 742,95 килограми средства за хигиена
   - лекови во вредност од 45 399 денари
   - 214 пелени за деца
   - 977 килограми облека
   - 92 пара обувки
   - 52,85 килограми постелнина
   - 21 парче мебел
   - седум апарати за домаќинство

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

- четири компјутери и
- 197 училишни ранци.

Дел од овие донации се добиени од посети на домовите на 72 домаќинства донатори, а друг дел се од добиени материјални и парични донации од претпријатија.

Дополнително, на повеќе крајни корисници им се извршени следните социјални услуги:

- изработка на барања и поднесоци до надлежни органи
- остварување на правото на гарантирана минимална помош
- остварување на правото на посебна гарантирана минимална помош
- остварување на правото на туѓа нега
- остварување на правото на социјална пензија
- остварување на правото на надомест за попреченост
- остварување на правото на еднократна парична помош во општина и во ЦСР
- остварување на правото на детски додаток
- остварување на правото на посебен додаток
- остварување на правото на образовен додаток
- категоризација на образовен додаток
- водење постапка за добивање извод од матично
- водење постапка за добивање лична карта
- постапка за добивање матични броеви од УВМК за деца кои не се претходно пријавени
- остварување на правото на додаток за новороденче – за прво, второ и трето дете
- остварување на правото на надомест за мобилност и
- помош при семејно насилство.

На седум граѓани во социјален ризик им е завршена постапка за здравствено осигурување, а на 25 им се обезбедени изводи од матичната книга на родени, при што административната такса им ја има платено Љубезност.

Исто така, во периодот за известување на семејства и поединци во социјален ризик, посебно на оние кои се соочуваат со енергетска сиромаштија и со недостиг од вода за одржување лична хигиена, во соработка со платформата Ways2help им се платени 582 сметки за електрична енергија со вкупен износ од 1 214 416 денари и 71 сметка за вода со вкупен износ од 38 193 денари.

4. **Посредување при вработување.** Посредувавме за вработување на 31 краен корисник. Во педесетина наврати контактиравме со потенцијални работодавци за вработување на овие лица. На корисниците им се направени осум работни биографии, а шест од нив се вработени со посредување на Љубезност.
5. **Вдомување и планирање семеен буџет.** Во периодот за известување се вдомени девет бездомни семејства со вкупно единаесет членови. Бездомниците се вдомени во изнајмени станбени објекти за кои закупнината ја плаќа Љубезност. За времетраењето на проектот за нивното домување платившме вкупно 47 закупнини со вкупна вредност од 198 865 денари добиени од разни извори, дел од кои се од финансиската поддршка која Љубезност ја доби

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
Лице за контакт:
Тони Станковски
мобилен: +389 78 263 792
e-mail: stankovski.toni@yahoo.com

ЕМБС 7010508
ДБ 405701552781.8

Потсметка Цивика мобилитас
ЗГ ЉУБЕЗНОСТ
300000004379683
Комерцијална банка

Девизна сметка:
02-701-0031821.8

IBAN:
MK07300701003182149
SWIFT:
KOBSMK2X

од Градот Скопје (види финален финансиски извештај). Покрај овие средства, од проектот „Грижи се" се обезбедени дополнителни 268 668 денари за вдомување бездомници во наредниот период.

Во текот на времетраењето на проектот нашето здружение ѝ обезбеди советодавна поддршка на одбрана група на крајни корисници кои изразија желба да направат промена во начинот на планирање и управување со личните и семејните финансии. На четири семејства во ризик од сиромаштија им е дадена поддршка прилагодена на нивните потреби, со различен степен на инволвираност и успешност. Оваа поддршка се состои од совети како да се рационализира трошењето, што да се прави со заштедите, како да се подмират долговите и на кои начини може да се дојде до дополнителни извори на приходи.

3. **„Restoring dreams to tackle loneliness"** – Обновување на соништата за справување со осаменоста е меѓународен проект заедно кој нашето здружение го спроведе заедно со партнери од Холандија, Шпанија, Франција, Унгарија, Чешка и Белгија. Проектот беше финансиран од програмата Ерасмус плус на Европската Унија и се спроведе во периодот од септември 2018 до август 2021 година.

Потреби кои ги адресираше проектот:

- Недостиг од знаење и информации за разбирање на феноменот на осаменост
- Недостиг од обуки за социјални работници во врска со осаменоста и
- Недостиг од методи и алатки за справување со осаменоста

Специфични цели:

- Да се збогати понудата на бесплатни алатки кои придонесуваат кон професионален развој на социјалните работници на полето на осаменоста
- Да се создаде долгорочна програма за обуки на возрасни ученици и да се изврши евалуација на конечните резултати
- Да се користат компјутерски алатки за да се фацилитаира ангажманот на вработените со возрсни ученици
- Да се зголеми нивото на дигитални вештини кај возрасните ученици и да се охрабрат истите да користат повеќе дигитални алатки
- Да се промовираат модули и алатки за обуки кај професионалците кои работат на терен на национално и на меѓународно ниво.

Целна група на проектот беа социјалните работници и другите професионалци вработени во организациите партнери, а крајни корисници на акцијата беа возрасните ученици кои се дел од проектот "Housing first" и останатите бездомници кои се борат со осаменоста.




Активности:

1. Лонгнитудинално истражување кое се спроведе преку анкетирање на работниците и на клиентите во две точки на мерење
2. Изработка на модули за обуки и сет на алатки за справување со осаменоста
3. Обука на социјалните работници за запознавање со модулите и алатките за справување со осаменоста
4. Дисеминација на информации и видливост на проектните активности
5. Настани за мултипликација на знаењата и другите придобивки стекнати со проектот

Очекувани резултати:

1. Изработени модули за обуки за професионалците да научат за феноменот на осаменост и за иновативни методи за спрвување со овој проблем
2. Сет на алатки со методи и активности за иновативно справување со осаменоста кај клиентите
3. Развивање онлајн Веб платформа како заеднички простор кој професионалците ќе го користат за споделување, учење и взаемна поддршка во справувањето со осаменоста
4. Извештај за влијанието после шест месеци користење на новата методологија

Вкупниот буџет на проектот изнесуваше 179 773 евра, од кои за Љубезност беа предвидени 14 502 евра.

4. **„Social inclusion through community living”.** Социјална инклузија преку домување во заедницата е проект кој се спроведува во периодот од август 2020 до јули 2022 година под раководство на ХВО Куеридо од Амстердам, Холандија. Проектот е со вкупен буџет од 21 155 евра и е финансиран од програмата Ерасмус плус на Европската Унија.

Специфични цели на проектот се:

- Учење на методите на работење на секоја партнерска организација за намалување на предрасудите и борба против стигматизација
- Собирање информации кои ќе помогнат во подобрувањето на работните методологии во ХВО Куеридо
- Собирање и споделување успешни приказни на организациите партнери
- Поттикнување на ентузијазам и мотивација кај партнерските организации во поглед на социјалната работа
- Прикажување добри практики на крајот од проектот.

Фокус на овој проект е пристапот „Housing first" за вдомување бездомници, според кој домувањето е основно човеково право, а бездомниците треба најпрво да бидат трајно вдомени како предуслов за нивна ресоцијализација, рехабилитација и реинтеграција во општеството. Откако тие ќе бидат вдомени, дури тогаш треба да им се понудат другите социјални услуги. Со Социјална инклузија преку домување во заедницата ќе се врши размена на искуства помеѓу организацијата координатор од една страна, и организациите партнери кои исто така работат во областа на домувањето.
Во рамките на овој проект во 2021 година одржавме неколку онлајн состаноци со претставници на ХВО Куеридо, а во ноември тројца социјални работници од таа организација беа во посета на Љубезност за учење искуства и добри практики кои ги применува нашата организација во областа на домувањето и воопшто на социјалната заштита.

5. **„Take care".** „Грижи се" е двегодишен проект кој Љубезност го спроведува во периодот од јули 2021 до јуни 2023 година под водство на Каритас Австрија, а во партнерство со Фондацијата Македонски каритас и Асоцијацијата за демократски развој на Ромите „Сонце". Вкупниот буџет на проектот изнесува 631 000 евра, од кои за Љубезност се предвидени 80 400 евра. Проектот „Грижи се" е финансиран од Австриското министерство за социјална работа, здравствена заштита и заштита на потрошувачите и претставува дел од нивната поширока програма во која се вклучени повеќе сродни проекти кои се спроведуваат во неколку балкански земји.
Регионалната програма „Грижи се" се фокусира на обезбедување домашна нега, социјална помош и директна поддршка за социјално загрозените и економски ранливите лица во Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Србија. Програмата става акцент на ранливите стари лица во Албанија, Босна и Херцеговина и Србија преку обезбедување на социјална поддршка и воспоставување и лиценцирање на професионални услуги за домашна нега. Во Северна Македонија се адресирани ранливите членови на заедницата во компонента на пилот проект што опфаќа мобилни тимови кои даваат медицинска помош, правна помош и социјални услуги и обезбедување образовна поддршка за деца. Грижи се опфаќа регионална размена на знаење, споделување искуства и регионални активности за застапување.

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X



Општа цел на проектот е да придонесе кон подобрување на квалитетот на живеење на ранливите групи на население кои се изложени на зголемен ризик од сиромаштија и социјална исклученост поради пандемијата од КОВИД-19.

Специфични цели се:

- Да се подобрат физичката, социјалната, емоционалната и менталната состојба на ранливото население преку обезбедување интегрирани услуги на заштита и
- Да се зголемат вештините и знаењето на персоналот, волонтерите и локалните чинители со што ќе се зајакне локалниот систем на здравствена заштита.

Целни групи на проектот „Грижи се" се следните:

- Граѓани кои живеат во сиромаштија и кои се во ризик од сиромаштија и социјална исклученост
- Бездомници и лица кои се во ризик од бездомништво како последица од пандемијата од КОВИД-19

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

- Деца и тинејџери кои се во ризик да го напуштат училиштето, меѓу другото и поради пандемијата од КОВИД-19 и
- Ранливи групи кои традиционално се во ризик од маргинализација и социјална исклученост



Во рамките на овој проект, Љубезност во периодот јули – декември 2021 година ги постигна следните резултати:

- На осум бездомни домаќинства со вкупно десет лица им е обезбедено сместување преку услугите за вдомување со поддршка
- Во рамките на пилотирањето на превентивни мерки за намалување на бездомништвото, социјални и правни услуги добија 85 семејства во ризик од бездомништво
- 124 крајни корисници на Љубезност имаат добиено психосоцијална поддршка и социјални услуги, од кои 57 добија техничка поддршка и помош во остварување права на социјални трансфери

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ “ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ”**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 405701552781.8

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8

**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X

- 102 крајни корисници на Љубезност добија основна медицинска помош, совети и лекови




- 87 крајни корисници на Љубезност имаат добиено правни совети во остварување на своите социјални права, од кои 45 добија поддршка за добивање лични карти и изводи од матично
- 26 крајни корисници на Љубезност беа вклучени во јавниот систем на здравствена заштита, односно добија здравствено осигурување преку мобилните тимови на Љубезност
- 40, 22% од граѓаните кои беа корисници на проектот припаѓаат на Ромската заедница
- 153 жени и девојки или 85,47% од жените и девојките добија социјални и правни совети и поддршка
- Вкупниот број на директни корисници е 179, од кои 140 или 78,21% се жени, а 39 или 21,79% се мажи
- Вкупно 568 лица се индиректни корисници од проектот, од кои 264 се деца.

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
Лице за контакт:
Тони Станковски
мобилен: +389 78 263 792
e-mail: stankovski.toni@yahoo.com

ЕМБС 7010508
ДБ 405701552781.8

Потсметка Цивика мобилитас
ЗГ ЉУБЕЗНОСТ
300000004379683
Комерцијална банка

Девизна сметка:
02-701-0031821.8

IBAN:
MK07300701003182149
SWIFT:
KOBSMK2X

6. **System: Reset.** „Систем ресет" е меѓународна програма која се спроведува во 10 европски држави, вклучувајќи ја и Македонија. Програмата е финансирана од Ерасмус плус, а меѓународни координатори се Young friends of the earth Europe. На национално ниво, во Северна Македонија проектот „Систем ресет" е спроведуван од Колектив Зет и Смарт ап, а во рамките на шемата за регрантирање на „Систем ресет", Љубезност доби грант во висина од 25 108 денари. Со овие средства Љубезност плати закупнини за вдомување на седум бездомни семејства и поединци во текот на август 2021. Во периодот јуни – септември 2021 година имавме разговори со бездомниците за да ги запознаеме со „Систем ресет" и заедно со нив да генерираме визии за потребите на Националниот зелен договор кој е изработен во рамките на истиот проект. Визиите од Националниот зелен договор ќе се вклучат во Pan-European youth proposal кој се креира на европско ниво.

   Врз основа на сведоштвата и сугестиите на бездомниците и во разговор со нив беа креирани следните визии:

   1. Справување со дигиталната сиромаштија
   2. Редистрибуција на вишокот храна
   3. Социјални маркети
   4. Поддршка за приватно производство на соларна енергија преку фотоволтаични термални системи за справување со енергетската сиромаштија
   5. Регистар на недвижен имот во државна сопственост и негова употреба
   6. Нова Национална стратегија за справување со бездомништвото во Република Северна Македонија
   7. Самостојно производство на храна за сите
   8. Подобрување на користењето на гарантираниот минимален приход – кој треба да го добива и колкав да биде
   9. Стратегија за спречување на емиграцијата и за поттикнување на враќање на иселените во Северна Македонија
   10. Солидарна економија – работно активирање на лицата со намалени работни способности поради хендикеп или хронични болести
   11. Бесплатни лични асистенти и
   12. Социјални претпријатија и социјални кооперативи.

**ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"**
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
**мобилен:** +389 78 263 792
**e-mail:** stankovski.toni@yahoo.com

**ЕМБС** 7010508
**ДБ** 4057015527818

**Потсметка Цивика мобилитас**
**ЗГ ЉУБЕЗНОСТ**
300000004379683
Комерцијална банка

**Девизна сметка:**
02-701-0031821.8
**IBAN:**
MK07300701003182149
**SWIFT:**
KOBSMK2X

**ВМРЕЖУВАЊЕ И УЧЕСТВО НА НАСТАНИ И РАБОТНИ ГРУПИ**

1. **Во текот на 2021 година оствариме вмрежување** со иницијативи за готвење храна за бездомници, асоцијации на студенти, платформи за донирање на храна, единици на локална самоуправа, институции од централна власт, други здруженија, маркети и други претпријатија.
2. **Во рамките на процесот на Партнерство за отворени власти** Љубезност е дел Мрежата на граѓански организации на Партнерството за отворени власти и од процесот за донесување на новиот Национален акциски план на ПОВ за периодот 2021 – 2023 година. Во рамките на оваа мрежа постојано комуницираме со другите членки и учествуваме на состаноци организирани од страна на Партнерството за отворени власти.



Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

3. **Учество на 279 состаноци и други настани** во текот на календарската 2021 година на кои присуствувале и претставници на други граѓански организации, централна и локална власт, претпријатија, странски претставништва и меѓународни организации.
4. **На иницијатива на Македонската платформа против сиромаштија, се вмреживме со Асоцијацијата за демократски развој на Ромите Сонце и со Македонски Каритас,** а потоа ова партнерство се преточи во проектот „Грижи се“.
5. **Во 2021 година ја продолживме соработката со Националниот младински совет на Македонија во рамките на нивниот проект Млади хаб,** преку кој во текот на годината добивме двајца практиканти кои на определено време беа ангажирани како соработници во Љубезност.
6. **Мрежата на Ајде Македонија** која ја подготвувавме заедно со Ајде Македонија, АДРА Македонија и Хуманитарната организација Свети Спас, и покрај сите наши напори не заживеа.
7. **Во рамките на неформалната мрежа за социјално претприемништво ИСЕН,** чиј ко-основач е Љубезност, во текот на 2021 година имавме неколку состаноци со националните партнери од Македонија, а на 23.11.2021 година беше потпишан меморандум за партнерство за регионално вмрежување со партнери од Србија, но и со единици на локалната самоуправа.
8. **Мрежа за финансиска одржливост на граѓанските организации на Конект.** Преку оваа мрежа во 2021 година зедовме учество на три онлајн состаноци на различни теми, кои беа во организација на Здружението Конект, кое е иницијатор и основач на оваа мрежа.
9. **Вмрежување иницирано од Македонското здружение на млади правници.** Од јули 2021, имаме месечни консултативни средби со претставници на другите организации на оваа мрежа. По потреба, имаме и онлајн состаноци за пренасочување на корисниците од една во друга организација во рамките на мрежата за да им се овозможи соодветна специјализирана услуга.



ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
Лице за контакт:
Тони Станковски
мобилен: +389 78 263 792
e-mail: stankovski.toni@yahoo.com

ЕМБС 7010508
ДБ 405701552781.8

Потсметка Цивика мобилитас
ЗГ ЉУБЕЗНОСТ
300000004379683
Комерцијална банка

Девизна сметка:
02-701-0031821.8

IBAN:
MK07300701003182149
SWIFT:
KOBSMK2X

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Изработка на функционален веб сајт на Љубезност
2. Финализирање на етичкиот кодекс на Љубезност и негово усвојување од страна на органите на управување на здружението
3. Усвојување на стратешкиот план од страна на Собранието на Љубезност
4. Подготовка на предлог проекти за аплицирање на јавни повици за грантови од МТСП, Град Скопје, Вишеградски фонд, Генерален секретаријат при Владата на РСМ и други институционални донатори.
5. Продолжување со спроведувањето на проектите „Take care / Грижи се" и „Social inclusion through community living" и на институционалната поддршка од Цивика мобилитас и нивно успешно завршување во текот на 2022 година.
6. Продолжување на соработката и финансиската поддршка од Град Скопје во текот на 2022 година.
7. Продлабочување на соработката со постојните партнерски здруженија, институции и претпријатија (Сунилен с, Жито Лукс, МТСП, Порака Неготино, Проект Среќа, Арно, Го Грин, Ретвитни Оброк, Грабит, ЈУ МЦСР Скопје, ЦМИкс, Адора Инженеринг, Фуриоус авокадо, Амбасада на САД, ХАЦ Македонија, Гимназија Нова, Гимназија Никола Карев, Американ колеџ, Фармер бој, Репете, Ways2help, Paradise food, Burger friends, Здружение Св. Спас, АДРА Македонија, Ин виво, Покров и останатите).
8. Продолжување на активностите со иницијативата Ways2help за плаќање заостанати сметки електрична енергија и вода на нашите крајни корисници и отпочнување нови активности за плаќање пакети во маркети и онлјан индивидуални сесии за психотерапија на истите.
9. Отпочнување соработка со нови партнерски здруженија, институции и претпријатија во 2022 година
10. Наоѓање нови начини за прибирање средства од индивидуални донатори – граѓани.
11. Сезонско собирање на донации за бездомници и социјално загрозени семејства преку собирни пунктови и од домовите на граѓаните во есента 2022 година.
12. Донирање пакетчиња на деца од социјално загрозени семејства и самохрани родители во зимата 2022/2023 година.
13. Зголемување на обемот на сите други самостојни активности кои ги имавме во 2021 година и прераснување на пилот активностите како што се управување со лични финансии и вдомување во постојани активности.
14. Изградба и отворање на Центар за социјална и професионална реинтеграција во партнерство со Град Скопје и Амбасадата на САД.
15. Продолжување со и зголемување на бројот на претпријатија во посредувањето при вработување вработливи социјално загрозени лица.

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ "ЉУБЕЗНОСТ-СКОПЈЕ"
Бул. Кочо Рацин бр.30-1/3 , 1000 Скопје
e-mail & fb: vistinskidelanaljubeznost@yahoo.com
**Лице за контакт:**
Тони Станковски
мобилен: +389 78 263 792
e-mail: stankovski.toni@yahoo.com

ЕМБС 7010508
ДБ 4057015527818

Потсметка Цивика мобилитас
ЗГ ЉУБЕЗНОСТ
300000004379683
Комерцијална банка

Девизна сметка:
02-701-0031821.8

IBAN:
MK07300701003182149
SWIFT:
KOBSMK2X

16. Учество на обуки за градење на капацитетите на здружениeто.
17. Воведување нови внатрешни правила и процедури во работењето на нашето здружение.
18. Самостојно аплицирање на европски проекти за програмите ИПА 2 и Ерасмус плус.
19. Собирање и размена на искуства со партнерски организации од земјите од Европа.
20. Програма за вдомување под покровителство на Сојузното министерството за социјална работа, здравствена заштита и заштита на потрошувачите на Австрија, а под лидерство на граѓанска организација од Австрија.

## Бидете и вие дел од хумантитарниот проект:
## ВИСТИНСКИ ДЕЛА НА ЉУБЕЗНОСТ
донирајќи 100 ден со повик на телефоните:

**070 143 100** (претплатници на **Телеком**)
**143 600** (претплатници на **А1**, без впишување на префикс број)



ЗГ ЉУБЕЗНОСТ - СКОПЈЕ - Е ДОНАЦИИ
300000004297815
Комерцијална банка

Забелешка: Овие телефонски броеви се активни само во еден период од годината.

Скопје, 04.02.2022 година

ЗГ Љубезност
Изработил
Димитар Илчов

Здружение на граѓани за помош на бездомници, социјално загрозени семејства и поединци
ЉУБЕЗНОСТ
Скопје

Одобрил
Тони Станковски

Годишниот план за работа на ЗГ Љубезност е поддржан од програмата Цивика мобилитас